# TRADE PERFORMANCE OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Emilija Miteva-Kacarski**
"Goce Delcev" University-Stip, Faculty of Economics, Republic of North Macedonia
emilija.miteva@ugd.edu.mk
**Kostadinka Panova**
"Goce Delcev" University-Stip, Republic of North Macedonia kostadinka.cabuleva@ugd.edu.mk

**Abstract:** Trade integration and participation in global supply chains contributed to the Republic of North Macedonia acquiring the status of a middle-income country. An effective trade policy can have a positive impact on economic growth through better access to new markets, integration into global supply chains, promoting reforms that can improve the business climate, attracting investments and hence increasing the overall productivity of the national economy. The Republic of North Macedonia has made significant progress in this regard, but the global pandemic caused by the COVID-19 virus and the war in Ukraine in 2022 have an impact on its trade strategy.
Increased concentration in key export sectors has limited the role of trade in the country's economic growth and increased the country's dependence on specialized products and markets. Export concentration has been evident over the past decade, even as the country has attracted export-oriented foreign direct investment, which has diversified the country's export structure with more sophisticated products than ever before. This trade strategy of the country has eroded due to the low level of economic transformation of the domestic economy. This situation is also evident in the recovery phase, where economic growth after COVID-19 was driven mainly by consumption, and to a lesser extent investments, while net exports did not contribute to recovery growth. The analyzes show that the Republic of North Macedonia is well integrated in the global trade system in terms of trade in goods, but its progress in the past decade is small.
**Keywords:** Republic of North Macedonia, trade integration, trade strategy, foreign direct investments.

# ТРГОВСКИТЕ ПЕРФОРМАНСИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Емилија Митева-Кацарски**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, Економски факултет, Република Северна Македонија
emilija.miteva@ugd.edu.mk
**Костадинка Панова**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, Република Северна Македонија
kostadinka.cabuleva@ugd.edu.mk

**Резиме:** Трговското интегрирање и учеството во глобалните синџири на снабдување, имаа придноес Република Северна Македонија да стекне статус на земја со среден приход. Ефективната трговска политика може да има позитивно влијание врз економскиот раст преку подобар пристап до нови пазари, интегрирање во глобалните синџири на снабдување, промовирање на реформи кои можат да ја подобрат бизнис климата, привлекување на инвестиции и оттука зголемување на севкупната продуктивност на националната економија. Република Северна Македонија постигна значителен напредок во тој поглед, но сепак глобалната пандемија предизивикана од вирусот КОВИД-19 и војната во Украина во 2022 имаат влијние врз нејзината трговска стратегија.
Зголемената концентрација во клучните извозни сектори, ја ограничи улогата на трговијата во економскиот раст на земјата и ја зголеми зависноста на земјата од специјализирани производи и пазари. Концентрацијата на извозот беше евидентна изминатата деценија, иако земјата привлече извозно ориентирани странски директни инвестиции, кои ја диверзифицираа извозната структура на земјата со пософистицирани производи од било кога досега. Ваквата трговската стратегија на земјата еродираше поради ниското ниво на економска трансформација на домашната економија. Ваквата состојба е очигледна и во фазата на закрепнување, при што економскиот раст после КОВИД-19 беше поттикнат главно од потрошувачката, и во помала мера инвестициите, додека нето извозот не придонесе за раст на закрепнувањето. Анализите покажуваат дека Република Северна Македонија е добро интегрирана во глобалниот трговски систем во поглед на трговијата со стоки, но сепак нејзиниот напредок во изминатата деценија е мал.
**Клучни зборови**: Република Северна Македонија, трговско интегрирање, трговска стратегија, странски директни инвестиции.

## 1. ВОВЕД

Согласно Уставот, кој е усвоен на 17 ноември 1991 година, нашата држава претставува република со парламентарна демократија. Земјата беше преименувана во Република Северна Македонија (РСМ), со склучувањето на Договорот од Преспа, потпишан со Грција на 17 јуни 2018 година. По ратификацијата на договорот од страна на парламентите на двете земји, Договорот стапи на сила на 12 февруари 2019 година. Решението на проблемот со името најави нова фаза во трансформацијата на економијата на РСМ и нејзината интеграција во регионалната и глобалната економија.

Стремежот за интеграција во ЕУ беше една од главните движечки сили за правните, институционалните и економските реформи преземени досега од РСМ. Повеќе од една деценија, властите се ангажираа во процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ (acquis communautaire). Во областа на надворешната трговија, ова повлекува реформа на речиси целото законодавство поврзано со трговијата, со забележителен напредок во областа на царината, повеќето аспекти на трговската политика на стоки и услуги, јавните набавки, оданочувањето и транспортот.

За формулирање и имплементирање на надворешно-трговската политика и други политики поврзани со трговијата е одговорно Министерството за економија, кое соработува со Министерството за финансии и другите министерства. Министерството за економија е одговорно за олеснување на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги преку склучување на договори за слободна трговија и договори за трговска и економска соработка, либерализација на трговијата со стоки и услуги и идентификување и намалување на бариерите во трговијата во рамките на склучените договори. Министерството за финансии пак, е одговорно за соработка со меѓународните финансиски институции како и за формулирање на полтиките поврзани со банкарското работење, кредитирањето, девизниот курс како и царините.

Царинската управа на Република Северна Македонија, како орган во состав на Министерството за финансии со статус на посебно правно лице, е одговорна да ги спроведува законите и другите прописи на Република Македонија во областа на царините, вклучително и наплатата на увозни царини и акцизи.

Invest North Macedonia, основана во 2005 година е официјална владина агенција за инвестиции и промоција на извозот одговорна за привлекување странски инвестиции и поддршка на извозот на Република Северна Македонија преку поддршка на новите странски директни инвестиции во земјата, воспоставување и зајакнување на деловна соработка со локалните добавувачи, како и преку промовирање на извозниот потенцијал на локалните компании на странските пазари. Министерството за земјоделство е одговорно за политиките и мерките кои се однесуваат на увозот и извозот на земјоделски производи. Промоцијата на туризмот и угостителството е во надлежност на Министерството за економија.

## 2. ТРГОВСКОТО ИНТЕГРИРАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Индикаторот за трговска отвореност ја комбинира важноста на увозот и извозот и дава претстава за зависноста на домашните производители од странската побарувачка како и за зависноста на домашните потрошувачи и производители од побарувачката за увоз. На слика 1 е прикажано учеството на трговијата со стоки во БДП во периодот 2006-08 и 2016-18:

Согласно приказот, учеството на трговијата со стоки во БДП во периодот 2016-18 е малку повисоко во споредба со периодот 2006-08 година. Иако, Република Северна Македонија е релативно отворена за трговска размена со оглед на нивото на економски развој како и со оглед на мотивите ориентирани кон извоз, таа постигна помал напредок во споредба со некои други земји како што се Република Чешка, Литванија, Република Словачка и Словенија (World Bank, 2020).

Учеството на трговијата со услуги во БДП за периодот 2006-08 и 2016-18 е прикажано на слика 2.

***Слика 1. Учеството на трговијата со стоки во БДП за периодот 2006-08 и 2016-18***




Извор: World Development Indicators

***Слика 2. Учеството на трговијата со услуги во БДП за периодот 2006-08 и 2016-18***




Извор: World Development Indicators

Трговската отвореност кај услугите е на пониско ниво во споредба со трговската отвореност кај стоките и не покажа некое значително подобрување во споредба со изминатата деценија (речиси останува на истото ниво како во 2006-08 година). Треба да се напомене дека трговската отвореност на земјата се совпаѓа со нивото на економски развој.

Како мала земја, без излез на море, Република Северна Македонија се потпира на увозот за да ја развие својата економија. Увозот може да и помогне на земјата да ја задоволи домашната потрошувачка преку обезбедување пристап до поевтини и поквалитетни стоки, но од друга страна може да го подобри и пристапот до инпути и технологија кои се неопходни за да се подобри продуктивноста и конкурентноста на домашните извозници. На слика 3 е прикажан соодност меѓу извозот и увозот на стоки и услуги како процент од БДП, за периодот 2007-2020 година:

***Слика 3. Соодност меѓу извозот и увозот на стоки и услуги како процент од БДП, 2007-2020***




Извор: World Development Indicators

Како што може да се види од графиконот, трговијта со стоки изнесува 107% од БДП за 2020 година (увоз 63% и извоз 45%), додека трговијата со услуги изнесува 21% (увоз 9% и извоз 12%). Како и во повеќето земји, трговијата со стоки има тенденција да биде повисока од трговијата со услуги. Понатаму, учеството на увозот на стоки во БДП исто така е на повисоко ниво, имајќи го предвид фактот дека увозот е неопходен за поддршка на развојот на домашната економија како и за задоволување на домашната побарувачка. Намалениот извоз на услугите од РСМ во споредба со другите земји има влијание врз извозните перформанси на земјата.

Генерално, во вкупниот извоз на нашата земја доминира извозот на стоки. Сепак, извозот на услуги игра клучна улога во трансформирањето на економијата како и во поддршката на проширувањето на извозните активности на регионалните и глобалните пазари.

Растот на извозот на РСМ може да се подели во два периоди во текот на изминатата деценија, првиот период поттикнат од извозот на метали и услуги и вториот период од автомобилската индустрија. Истиот е прикажан на слика 4:

***Слика 4. Раст на извозот на стоки, 2005-2020***




Извор: WITS mirror export data and BOP6

Во периодот 2005-08 година, извозот бележи силен раст и тоа делумно поради извозот на метали и услуги. Растот на извозот беше поголем кај металите, кој растеше со просечна годишна стапка од 31.4%, следен од услугите со 11.8%, зголемувајќи го учеството на услугите во вкупниот извоз на 30% во 2009 година. Сепак, од 2009 година наваму, растот на извозот беше главно потикнат од извозот на машини и електроника, хемиски производи како и транспортни добра. Нивните просечни годишни стапки на раст беа 27.4%, 28.7% и 22.7% се до 2019 година, надминувајќи го растот на услугите, кој изнесуваше околу 7% годишно. Структурните поместувања во извозната структура беа, пред се, резултат на воспоставувањето на слободните економски зони (Invest North Macedonia, 2022). Како резултат на тоа, уделот на услугите во вкупниот извоз се намали за 10% на 19.7% во 2019 година. Металите се најважниот извозен производ на нашата земја, па доаѓаат транспортните и туристичките услуги, машините, електрониката и автомобилите.
Туристичките и транспортните услуги делумно го објаснуваат растот на извозот на услугите и претставуваат 8.9% од вкупниот извоз. На страната на стоките, во извозната структура доминираат машините и електрониката како и хемикалиите, при што секој сектор учествува со околу 20% во вкупниот извоз. Автомобилската индустрија го зголеми својот обем во последниве неколку години, достигнувајќи и до 10% од вкупниот извоз, што може да се зголеми и до 30%, доколку се земат предвид стоките поврзани со оваа индустрија како што се електричните панели и седиштата за автомобили. Производите кои што претходно традиционално доминираа во извозната структура на земјата како што се земјоделските производи, прехранбените производи, текстилот и обувките, не се повеќе меѓу топ 20-те извозни производи. Намалувањето на извозот на обувки и текстил е резултат на зголемените трошоци за работна сила и намалувањето на глобалната конкурентност (OECD, 2021).
Извозот од РСМ се повеќе е ориентиран кон пазарот на ЕУ и Обединетото Кралство и се уште останува ограничен со регионалните соседи од Западен Балкан и останатите трговски партнери. Топ 20-те извозни дестинации сочинуваат 89,3% од извозот на стоки и услуги за 2019 година и се прикажани на слика 5:

***Слика 5. Топ 20-те извозни дестинации на РСМ***




Извор: : WITS mirror export data and BOP6

Поради преференцијалните договори за слободна трговија, ЕУ, ЦЕФТА и Турција остануваат главни извозни дестинации. Приближно половина од вкупниот извоз оди во Германија, со 5.35 милијарди или 46.1%. Иако, извозот во земјите од Западен балкан е зголемен во апсолутен износ, неговото учество во вкупниот извоз останува мало. На пример, трговската размена на РСМ со нејзините непосредни соседи, како на пример, Албанија е ниска и изнесува околу 54.4 милиони долари. Сепак, извозот во Србија е релативно висок и изнесува 610 милиони долари. Севкупно, пазарите со кои РСМ има потпишано регионални трговски договори сочинуваат повеќе од 90% од вкупниот извоз. Од топ 20-те извозни дестинации на нашата земја, само извозот во две земји не е регулиран со трговски договор и тоа САД и Кина.Увозот на РСМ се состои од диверзифицирана кошница на сложени добра и услуги кои не се произведуваат во земјата или служат како

полупроизводи. Генерално, увозот бележи тренд на раст со текот на времето, со исклучок на 2009 година, кога увозот се намалува и тоа делумно поради намалениот увоз на минерали. Од 2012 година, увозот почна да се зголемува повторно, главно поттикнат поради машините и електронската опрема, во согласност со растот на извозот на слични категории, укажувајќи на висока увозна зависност, трговска интеграција како и учество на глобалните синџири на снабдување во автомобилската индустрија. Доминантни стоки на страната на увозот се каменот и стаклото, посебно керамиката. Увозот на керамика расте со просечна годишна стапка од 25.6% од 2005 година, и тоа од 61 милиони долари во 2005 година на 1.37 милијарди долари во 2019 година. Покрај тоа, увозната кошница е прилично диверзифицирана. Металите сочинуваат околу 15.4%, услугите околку 13% и нафтата околу 7%. Главни увозни дестинации за РСМ се Кина, ЕУ, Обединетото кралство и САД, како и Србија и Турција.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Извозните преформанси на РСМ се одржуваат преку стратегијата за привлекување на извозноориентирани странски директни инвестиции во автомобилската индустрија, за да се компензира падот на цените на металите. Токму, автомобилската индустрија и овозможи на РСМ да одржува позитивни перформанси на нејзиниот извоз, неутрализирајќи го падот на извозот на металите поради ниските цени на светко ниво, како и затворањето на еден клучен извозник на метали во 2016 година, од еколошки причини. Изгледите за извозноориентиран раст на РСМ станаа се понеизвесни поради кризите предизвикани од глобалната пандемија и војната во Украина. Можниот раст на светските цени на металите може да резултира со краткорочни придобивки за РСМ. Сепак, тековната ситуација има влијание врз синџирите на снабдување во автомобилската индустрија во кои РСМ е длабоко интегрирана. Покрај тоа, намалената побарувачка и тесните грла во синџирот на снабдување, исто така можат да имаат штетно влијание врз економијата. Република Северна Македонија е релативно добро интегрирана во глобалните синџири на снабдување, но сепак ефектот на прелевање врз домашната економија е ограничен. Учеството во глобалните синџири на снабдување е важен економски фактор за економска диверзификација, поради ефектот на прелевање врз домашната економија како и трансферот на знаење за домашните извозници. За да се засили врската меѓу локалната економија и извозните фирми кои учествуваат во глобалните синџири на снабдување, потребни се мерки на страната на понудата. Анализите укажуваат на тоа дека врската со домашните добавувачи во случајот со нашата земја е ниска. Поради тоа, потребна е нова стратегија која ќе и овозможи на РСМ да се искачи повисоко на скалата на глобалните синџири на снабдување и да ја прошири својата економска диверзификација преку услуги или покомплексно производство, што на крајот ќе доведе до поголем опстанок на бизнисот и диверзификација на економијата во целина.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Brenton, P., Ferrantino, M., & Maliszewska, M. (2022). “Reshaping Global Value Chains in Light of COVID-19: Implications for Trade and Poverty Reduction in Developing Countries.” World Bank, Washington, DC.
Deegan, J., Broekel, T., & Rune, D.F. (2021). “Searching through the Haystack: The Relatedness and Complexity of Priorities in Smart Specialization Strategies.” Economic Geography 97 (5): 497–520.
Farole, T. (2011). “Special Economic Zones: What Have We Learned?” Economic Premise Note 64, World Bank, Washington, DC.
Government of North Macedonia. (2018). “Law on Technological Industrial Development Zones– Consolidated. Text”. Accessible via: https://fez.gov.mk/wpcontent/uploads/2018/01/law-in-tidz-eng.pdf
Invest North Macedonia. (2022). “Free Economic Zones”. Accessible via https://investnorthmacedonia.gov.mk/free-economic-zones/#
OECD. (2021). “Competitiveness in South East Europe 2021.” OECD Competitiveness and Private Sector Development, OECD, Paris.
Qiang, C.Z., Liu, Y., Steenbergen, V. (2021). An Investment Perspective on Global Value Chains. Washington, DC: World Bank. doi: 10.1596/978-1-4848-1683-3. License: Creative Commons Attribution CC BY 3.0 IGO
Srbinoski, B., Petreski, B., & Petreski, M. (2020). “The potential of export-oriented companies to contribute to post-COVID-19 economic recovery in North Macedonia.” Finance Think.
Stojkoski, V., Stojanov, A., Tevdovski, D. (2022). “Smart Specialization Trade Policy in North Macedonia”, forthcoming
World Bank. (2020). World Development Report 2020: Trading for Development in the Age of Global Value Chains. Washington, DC: World Bank.
World Bank (2021). “Western Balkans Regular Economic Report: Greening the Recovery.” World Bank, Washington, DC.
WTO. (2019). “Trade Policy Review.” WTO, Geneva.